# Важноста на психолошка поддршка кај жените жртви на семејно насилство во процесот на реинтеграција

Фатиме Зибери, Сема Халили, Небахат Имери

Семејното насилство е феномен што ги разнишува вредностите на демократското општество. Компаративните и емпириските податоци во однос на семејното насилство одат во прилог на ставот дека семејството како основна социјална заедница и како извор на емоционална, социјална и материјална поддршка за нејзините членови честопати можат да се претворат во насилна средина каде ќе бидат повредени нејзините членови и нивните човекови права се сериозно повредени.Реинтеграцијата и ресоцијализацијата на жени – жртви на семејно насилство е многу важен процес и исто така комплексен за да се оствари без прво да се гледа феноменот на насилство.  За ова цел ние спроведувавме и истражување за проценка на потребите за помош и поддршка на жените и девојките жртви на насилство кои го напуштиле или сакаат да го напуштат насилникот во општина Тетово.Онлајн прашалникот беше изработен во платформата surveyhero.com и беше објавен од страна на Националната мрежа и на ФБ профилот „Cortex-Këshillime dhe Psikoterapi Кортекс Психотерапија и советување„ , FB Sema Halili, FB Nebahat Ziberi Imeri и FB Fatime Ziberii во период од 02.03.2021  год. до 21.04.2021 год., и го пополнија вкупно 21 жени. Прашалникот се состоеше од информации за општите податоци на испитаничките, нивниот работен статус, сопственост, домаќинство, како и видови помош и поддршка од надлежните институции кои ги оствариле.

Со цел да се обезбеди соодветна заштита и институционална поддршка за жртвите, Истанбулската конвенција воспоставува јасни стандарди, што всушност значи достапност на општи и специјализирани услуги за жртвите.

Општи услуги - кои обезбедуваат социјални и здравствени услуги како и услуги за вработување.

Специјализирани услуги - прифатилишта, СОС линија, услуги за поддршка на жртви на сексуално насилство, советување за психо-социјална поддршка на жртвите, кои главно ги обезбедуваат женските граѓански организации, така што фокусот е ставен на жртвата и нејзините потреби. Нашиот фокус беше во важноста на психолошката поддршка и услугиза нивната потполна реинтеграција и ресоцијализација.